حرمين

رئاسة الشؤون الدينية
بالمسجد الحرام والمسجد النبوي

македонски | مقدوني | ثَلَاثَةُ الأُصُولِ وَأَدِلَّتُهَا

# Трите основи и нивните докази

Шејх Мухамед ет-Темими

ⓗ جمعية خدمة المحتوى الإسلامي باللغات ، ١٤٤٧هـ

التميمي ، محمد
ثلاثة الأصول وأدلتها- مقدوني. / محمد التميمي ؛ جمعية خدمة المحتوى الإسلامي باللغات - ط١. .- الرياض ، ١٤٤٧هـ
٣٢ ص ؛ ..سم

رقم الإيداع: ١٤٤٧/٩١١٨
ردمك: ٩٧٨-٦٠٣-٨٥٩١-٢٥-٣

ثَلَاثَةُ الأُصُولِ وَأَدِلَّتُهَا

# Трите основи и нивните докази

لِلشَّيْخِ

مُحَمَّدٍ التَّمِيمِي رَحِمَهُ اللهُ

Шејх Мухамед ет-Темими, Аллах нека му се смилува

بِسْمِ اللهِ الرَّحْمَنِ الرَّحِيمِ

# Трите основи и нивните докази

Шејх Мухамед ет-Темими, Аллах нека му се смилува

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

Знај – Аллах нека те прекрие со милост – дека за нас е задолжително да научиме четири работи:

Прво: Знаење, а тоа е спознавање на Возвишениот Аллах, на Неговиот пратеник и на верата ислам врз основа на докази.

Второ: Постапување според тоа знаење.

Трето: Повикување кон него.

Четврто: Трпение при претрпените неволји поврзани со тоа знаење.

Доказ за ова се Аллаховите зборови: Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

﴿وَٱلۡعَصۡرِ ١ إِنَّ ٱلۡإِنسَٰنَ لَفِي خُسۡرٍ ٢ إِلَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ وَعَمِلُواْ ٱلصَّٰلِحَٰتِ وَتَوَاصَوۡاْ بِٱلۡحَقِّ وَتَوَاصَوۡاْ بِٱلصَّبۡرِ ٣﴾

„Се колнам во времето,

човекот навистина губи,

освен тие коишто веруваат и коишто прават добри дела, и коишто едни со други си ја препорачуваат вистината, и коишто едни со

други си ја препорачуваат трпеливоста.“ (Ел Аср, 1-3)

Имамот Шафи, рахимехуллах, рекол: „Доколку Возвишениот Аллах на Своите созданија, не би им објавил никаков доказ освен оваа сура, таа ќе им беше доволна.“

Имамот Бухари, рахимехуллах, рекол: Поглавје: Знаењето е пред зборовите и делата. Доказ за ова се зборовите на Возвишениот: „Па знај дека нема божество достојно за обожување освен Аллах и барај прошка за својот грев...“ (Мухамед, 19). Па започна со знаењето пред зборовите и делата.

Знај – Аллах нека ти се смилува – дека на секој муслиман и на секоја муслиманка им е обврска да ги научат овие три прашања и да постапуваат според нив:

Прво: Аллах нè создаде, нè снабди и не нè остави сами на себе, туку ни испрати пратеник; па кој ќе му се покори — ќе влезе во Џенетот, а кој ќе му биде непослушен — ќе влезе во Огнот.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿إِنَّآ أَرۡسَلۡنَآ إِلَيۡكُمۡ رَسُولٗا شَٰهِدًا عَلَيۡكُمۡ كَمَآ أَرۡسَلۡنَآ إِلَىٰ فِرۡعَوۡنَ رَسُولٗا ١٥
فَعَصَىٰ فِرۡعَوۡنُ ٱلرَّسُولَ فَأَخَذۡنَٰهُ أَخۡذٗا وَبِيلٗا ١٦﴾

„Ние навистина ви пративме Пратеник за да сведочи против вас исто така како што и на фараонот Пратеник му пративме,

но фараонот не го послуша Пратеникот, па со тешка казна го казнивме.“ (Ел Музземмил: 15-16)

Второ: Аллах не е задоволен да Му се припишува здруженик во Неговото обожување — ниту близок мелек, ниту пак испратен пратеник. Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿وَأَنَّ ٱلۡمَسَٰجِدَ لِلَّهِ فَلَا تَدۡعُواْ مَعَ ٱللَّهِ أَحَدٗا ١٨﴾

„Џамиите се само заради Аллах, и покрај Аллах не молете му се на никого!“ (Ел Џин, 18)

Трето: Оној што му се покорува на Пратеникот и го издвојува Аллах во обожувањето, не смее да пријателствува и да им биде лојален на оние што Му се спротивставуваат на Аллах и на Неговиот пратеник, па дури да им е најблискиот роднина.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿لَّا تَجِدُ قَوۡمٗا يُؤۡمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِ يُوَآدُّونَ مَنۡ حَآدَّ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ وَلَوۡ كَانُوٓاْ ءَابَآءَهُمۡ أَوۡ أَبۡنَآءَهُمۡ أَوۡ إِخۡوَٰنَهُمۡ أَوۡ عَشِيرَتَهُمۡۚ أُوْلَٰٓئِكَ كَتَبَ فِي قُلُوبِهِمُ ٱلۡإِيمَٰنَ وَأَيَّدَهُم بِرُوحٖ مِّنۡهُۖ وَيُدۡخِلُهُمۡ جَنَّٰتٖ تَجۡرِي مِن تَحۡتِهَا ٱلۡأَنۡهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَاۚ رَضِيَ ٱللَّهُ عَنۡهُمۡ وَرَضُواْ عَنۡهُۚ أُوْلَٰٓئِكَ حِزۡبُ ٱللَّهِۚ أَلَآ إِنَّ حِزۡبَ ٱللَّهِ هُمُ ٱلۡمُفۡلِحُونَ ٢٢﴾

„Луѓето коишто веруваат во Аллах и во оној свет не треба да се сакаат со тие коишто на Аллах и на Пратеникот Негов им се спротивставуваат, па макар и тие да им се татковци нивни, или синови нивни, или браќа

нивни, или роднини нивни. Тој на нив им всади верување во срцата нивни и со Светлото Свое ги зајакна, и Тој ќе ги воведе во џенетските градини низ коишто реки течат, за во нив вечно да останат. Аллах е задоволен со нив, а и тие ќе бидат задоволни со Него. Тие се Аллахова партија, а навистина Аллахова партија се тие што сигурно ќе успеат.“ (Ел Муџадила, 22)

Знај — Аллах нека те упати кон Неговата послушност — дека чистата вера (ханифије), верата на Ибрахим, алејхи селам, е: да го обожуваш само Аллах, искрено посветувајќи Му ја верата. За ова Аллах им нареди на сите луѓе и ги создаде поради неа; како што Возвишениот вели:

﴿وَمَا خَلَقْتُ ٱلْجِنَّ وَٱلْإِنسَ إِلَّا لِيَعْبُدُونِ۝٥٦﴾

„Џините и луѓето ги создадов само за да Ме обожуваат.“ (Ез Заријат, 56) А значењето на „Ме обожуваат“ е: „Ме издвојуваат како единствен.“

Најважното што Аллах го наредил е тевхидот, а тоа е: издвојување на Аллах како единиот достоен за обожување.

„И најголемото нешто што го забранил е ширкот; а тоа е – упатување дова на некого друг покрај Него.“

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿وَٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ وَلَا تُشْرِكُوا۟ بِهِۦ شَيْـًٔا...﴾

„И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте!“ (Ен Ниса, 36)

Па ако ти биде речено: „Кои се трите основи што човекот е должен да ги познава?“

Кажи: тоа е спознанието на робот за неговиот Господар, неговата вера и неговиот веровесник, Мухамед ﷺ.

## [Првата основа]

Па, кога ќе ти се каже: „Кој е твојот Господар?“

Кажи: Мојот Господар е Аллах, кој со Својата благодат се грижи за мене и за сите суштества. Тој е единствениот кого го обожувам, не обожувам никој друг освен Него. Доказ за тоа се зборовите на Возвишениот:

﴿ٱلۡحَمۡدُ لِلَّهِ رَبِّ ٱلۡعَٰلَمِينَ٢﴾

„Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.“ (Ел Фатиха, 2) И сè, освен Аллах, е создадено; а јас сум едно од тие созданија.

Па ако ти се каже: „Со што Го спозна својот Господар?“

Кажи: Преку Неговите знаменија (ајети) и Неговите созданија.

Дел од Неговите знаци се: ноќта, денот, сонцето и месечината.

А дел од Неговите созданија се: седумте небеса и она што е во нив, седумте земји и она

што е во нив, и сè што е меѓу нив.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿وَمِنۡ ءَايَٰتِهِ ٱلَّيۡلُ وَٱلنَّهَارُ وَٱلشَّمۡسُ وَٱلۡقَمَرُۚ لَا تَسۡجُدُواْ لِلشَّمۡسِ وَلَا لِلۡقَمَرِ وَٱسۡجُدُواْۤ لِلَّهِ ٱلَّذِي خَلَقَهُنَّ إِن كُنتُمۡ إِيَّاهُ تَعۡبُدُونَ ٣٧﴾

„Меѓу доказите Негови се ноќта и денот, и Сонцето и Месечината. Не паѓајте со лицето на тло ниту на Сонцето ниту на Месечината, туку паѓајте со лицето на тло пред Аллах, Кој ги создаде, ако сакате само Него да Го обожувате." (Фусилет, 37)

И Аллаховите зборови:

﴿إِنَّ رَبَّكُمُ ٱللَّهُ ٱلَّذِي خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضَ فِي سِتَّةِ أَيَّامٖ ثُمَّ ٱسۡتَوَىٰ عَلَى ٱلۡعَرۡشِۖ يُغۡشِي ٱلَّيۡلَ ٱلنَّهَارَ يَطۡلُبُهُۥ حَثِيثٗا وَٱلشَّمۡسَ وَٱلۡقَمَرَ وَٱلنُّجُومَ مُسَخَّرَٰتِۢ بِأَمۡرِهِۦٓۗ أَلَا لَهُ ٱلۡخَلۡقُ وَٱلۡأَمۡرُۗ تَبَارَكَ ٱللَّهُ رَبُّ ٱلۡعَٰلَمِينَ ٥٤﴾

„Господарот ваш е Аллах, Кој небесата и Земјата во шест периоди ги создаде, а потоа над Аршот се возвиши. Тој со темнината на ноќта го прекрива денот, која во чекор го следи, а Сонцето и Месечината и ѕвездите се покоруваат на Неговата волја. Само Тој создава и управува! Возвишен нека е Аллах, Господарот на световите!" (Ел Араф, 54)

Господарот е оној кој се обожува. Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ ٱعۡبُدُواْ رَبَّكُمُ ٱلَّذِي خَلَقَكُمۡ وَٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِكُمۡ لَعَلَّكُمۡ

تَتَّقُونَ﴿٢١﴾ ٱلَّذِي جَعَلَ لَكُمُ ٱلۡأَرۡضَ فِرَٰشٗا وَٱلسَّمَآءَ بِنَآءٗ وَأَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءٗ فَأَخۡرَجَ بِهِۦ مِنَ ٱلثَّمَرَٰتِ رِزۡقٗا لَّكُمۡۖ فَلَا تَجۡعَلُواْ لِلَّهِ أَندَادٗا وَأَنتُمۡ تَعۡلَمُونَ﴿٢٢﴾﴾

„О, луѓе, обожувајте Го Господарот ваш Кој ве создаде и вас и тие пред вас, за да бидете богобојазливи,

Кој Земјата постела, а небото кров ви ги направи; Кој од небото ви го спушта дождот и со него создава плодови, снабдување за вас. Затоа не припишувајте Му здруженик на Аллах, знаејќи го тоа.“ (Ел Бекаре, 21-22)

Ибн Кесир, Аллах нека му се смилува, рекол: „Создателот на овие нешта е Тој што заслужува нему да му се посвети обожувањето.“

Видовите на ибадет што Возвишениот Аллах ги наредил се како исламот, иманот и ихсанот; а во нив спаѓаат и: довата, стравот, надежта, потпирањето на Аллах, желбата, бојазноста, скрушеноста, богобојазноста, враќањето кон Аллах со покајание, барањето помош, барањето заштита, барањето поддршка, принесувањето курбан, заветувањето и слично од видовите на ибадет кои Аллах ги наредил — сето тоа е само за Возвишениот Аллах. Доказ за ова се зборовите на Возвишениот:

﴿وَأَنَّ ٱلۡمَسَٰجِدَ لِلَّهِ فَلَا تَدۡعُواْ مَعَ ٱللَّهِ أَحَدٗا﴿١٨﴾﴾

„Џамиите се само заради Аллах, и покрај Аллах не молете му се на никого!“ (Ел Џин, 18)

Па кој ќе посвети нешто од тоа на некој друг освен Аллах, тој е многубожник и неверник; доказ за тоа се зборовите на Возвишениот:

﴿وَمَن يَدۡعُ مَعَ ٱللَّهِ إِلَٰهًا ءَاخَرَ لَا بُرۡهَٰنَ لَهُۥ بِهِۦ فَإِنَّمَا حِسَابُهُۥ عِندَ رَبِّهِۦٓۚ إِنَّهُۥ لَا يُفۡلِحُ ٱلۡكَٰفِرُونَ﴾

„А тој што, покрај Аллах, му се моли на друг бог, без никаков доказ за него, пред Господарот свој сметка ќе полага, и неверниците нема да се спасат.“ (Ел Муминун, 117)

Во хадис е кажано:

"الدُّعَاءُ مُخُّ العِبَادَةِ".

„Довата е сржта на ибадетот.“

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿وَقَالَ رَبُّكُمُ ٱدۡعُونِيٓ أَسۡتَجِبۡ لَكُمۡۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ يَسۡتَكۡبِرُونَ عَنۡ عِبَادَتِي سَيَدۡخُلُونَ جَهَنَّمَ دَاخِرِينَ﴾

„Господарот ваш рече: ‚Повикајте Ме и замолете, Јас ќе ви се одѕвијам! Тие што од вообразеност не сакаат да Ме обожуваат – сигурно понижени ќе влезат во Џехенем.“ (Гафир, 60)

Доказ за стравот се Аллаховите зборови:

﴿...فَلَا تَخَافُوهُمۡ وَخَافُونِ إِن كُنتُم مُّؤۡمِنِينَ﴾

„...и не плашете се од нив, туку плашете се од Мене, ако сте верници!“ (Али Имран, 175)

Доказ за надежта се Аллаховите зборови:

﴿...فَمَن كَانَ يَرۡجُواْ لِقَآءَ رَبِّهِۦ فَلۡيَعۡمَلۡ عَمَلٗا صَٰلِحٗا وَلَا يُشۡرِكۡ بِعِبَادَةِ رَبِّهِۦٓ أَحَدَۢا﴾

„Па кој се надева на средба со Господарот свој, нека прави добри дела и во обожувањето на Господарот свој нека не Му припишува здруженик.“ (Кехф, 110)

Доказ за потпирањето на Аллах (тевекулот) се Аллаховите зборови:

﴿...وَعَلَى ٱللَّهِ فَتَوَكَّلُوٓاْ إِن كُنتُم مُّؤۡمِنِينَ﴾

„...а на Аллах потпрете се, ако сте верници!" (Ел Маиде, 23) И Неговите зборови:

﴿...وَمَن يَتَوَكَّلۡ عَلَى ٱللَّهِ فَهُوَ حَسۡبُهُۥ...﴾

„Тој што се потпира на Аллах, Тој му е доволен.“ (Ет Талак, 3)

Доказ за желбата, бојазноста и скрушеноста се Аллаховите зборови:

﴿...إِنَّهُمۡ كَانُواْ يُسَٰرِعُونَ فِي ٱلۡخَيۡرَٰتِ وَيَدۡعُونَنَا رَغَبٗا وَرَهَبٗاۖ وَكَانُواْ لَنَا خَٰشِعِينَ﴾

„Тие се трудеа што повеќе добри дела да направат и Ни се молеа и во надеж и во страв, и кон Нас беа понизни.“ (Ел Енбија, 90)

Доказ за богобојазноста се Аллаховите зборови:

﴿...فَلَا تَخۡشَوۡهُمۡ وَٱخۡشَوۡنِ...﴾

„Затоа не плашете се од нив, туку плашете се од Мене.“ (Ел Маиде, 3)

Доказ за враќањето кон Аллах се Аллаховите зборови:

﴿وَأَنِيبُوٓاْ إِلَىٰ رَبِّكُمۡ وَأَسۡلِمُواْ لَهُۥ...﴾

„И вратете Му се на Господарот свој и покорете Му се...“ (Ез Зумер, 54)

Доказ за барањето помош се Аллаховите зборови:

﴿إِيَّاكَ نَعۡبُدُ وَإِيَّاكَ نَسۡتَعِينُ٥﴾

„Само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме!“ (Ел Фатиха, 5) Во хадис стои:

"إِذَا اسْتَعَنْتَ فَاسْتَعِنْ بِاللَّهِ".

„Кога ќе побараш помош, побарај од Аллах.“

Доказ за барањето заштита се Аллаховите зборови:

﴿قُلۡ أَعُوذُ بِرَبِّ ٱلۡفَلَقِ١﴾

„Кажи: ‚Барам заштита кај Господарот на мугрите.' (Ел Фелек, 1), и

﴿قُلۡ أَعُوذُ بِرَبِّ ٱلنَّاسِ١﴾

„Кажи: ‚Барам заштита кај Господарот на луѓето.' (Ен Нас, 1)

Доказ за барањето поддршка се Аллаховите зборови:

﴿إِذۡ تَسۡتَغِيثُونَ رَبَّكُمۡ فَٱسۡتَجَابَ لَكُمۡ...﴾

„И кога од Господарот свој помош побаравте,

Тој ви се одѕва...“ (Ел Енфал, 9)

Доказ за принесувањето курбан се Аллаховите зборови:

﴿قُلْ إِنَّ صَلَاتِي وَنُسُكِي وَمَحْيَايَ وَمَمَاتِي لِلَّهِ رَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ١٦٢ لَا شَرِيكَ لَهُ...﴾

„Кажи: „Клањањето мое, и обредите мои, и животот мој, и смртта моја, навистина Му се посветени на Аллах, Господарот на световите,

Кој нема соучесник...“ (Ел Енам, 162-163) И од Сунетот:

"لَعَنَ اللَّهُ مَنْ ذَبَحَ لِغَيْرِ اللَّهِ".

„Аллах го проколнал тој што ќе заколе курбан за некој друг освен за Аллах.“

Доказ за заветувањето се Аллаховите зборови:

﴿يُوفُونَ بِٱلنَّذْرِ وَيَخَافُونَ يَوْمًا كَانَ شَرُّهُۥ مُسْتَطِيرًا ٧﴾

„Тие заветот го исполнија и се плашеа од Денот чијашто кобност ќе биде присутна насекаде.“ (Ел Инсан, 7)

## [Втората основа]

Спознавање на исламската вера со докази, а тоа е: Целосна преданост на Аллах преку признавање на Неговиот монотеизам, покорност Нему преку имплементација на Неговите прописи и одрекување од ширкот – многубоштвото и многубошците.

Трите степени на верата се: исламот, иманот

и ихсанот.

И секој степен има свои руднови (столбови).

Рукновите на исламот се пет: Шехадетот (сведоштвото) дека нема друг вистински бог освен Аллах и дека Мухамед е Божји пратеник, клањањето намаз, давањето зекат, постот во месецот рамазан и аџилакот.

Доказ за шехадетот се Аллаховите зборови:

﴿شَهِدَ ٱللَّهُ أَنَّهُۥ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ وَٱلۡمَلَٰٓئِكَةُ وَأُوْلُواْ ٱلۡعِلۡمِ قَآئِمَۢا بِٱلۡقِسۡطِۚ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ ٱلۡعَزِيزُ ٱلۡحَكِيمُ ١٨﴾

„Аллах сведочи дека нема друг бог освен Него, а и мелеците (ангелите) и учените, постапувајќи праведно. Нема друг бог освен Него, Силниот и Мудриот!“ (Али Имран, 18)

Неговото значење е: Нема друго божество кое се обожува со право освен Аллах.

„Нема друг вистински бог“: Негирање на сè што се обожува освен Аллах.

„Освен Аллах“ Потврда дека обожувањето му припаѓа единствено на Аллах,

Аллах, нема здруженик во обожувањето посветено Нему, исто како што нема здруженик ниту во Неговата власт.

Толкувањето кое уште повеќе го појаснува неговото значење се Аллаховите зборови:

﴿وَإِذۡ قَالَ إِبۡرَٰهِيمُ لِأَبِيهِ وَقَوۡمِهِۦٓ إِنَّنِي بَرَآءٞ مِّمَّا تَعۡبُدُونَ ٢٦ إِلَّا ٱلَّذِي فَطَرَنِي..﴾

„А кога Ибрахим му рече на таткото свој и на

народот свој: „Јас се одрекувам од тие коишто вие ги обожувате,

јас Го обожувам само Тој што ме создаде..“ (Ез Зухруф, 26-27) И Аллаховите зборови:

﴿قُلۡ يَٰٓأَهۡلَ ٱلۡكِتَٰبِ تَعَالَوۡاْ إِلَىٰ كَلِمَةٖ سَوَآءِۭ بَيۡنَنَا وَبَيۡنَكُمۡ أَلَّا نَعۡبُدَ إِلَّا ٱللَّهَ وَلَا نُشۡرِكَ بِهِۦ شَيۡـٔٗا وَلَا يَتَّخِذَ بَعۡضُنَا بَعۡضًا أَرۡبَابٗا مِّن دُونِ ٱللَّهِۚ فَإِن تَوَلَّوۡاْ فَقُولُواْ ٱشۡهَدُواْ بِأَنَّا مُسۡلِمُونَ ٦٤﴾

„Кажи: ,О, следбеници на Книгата, дојдете да се собереме околу зборот, и нам и вам заеднички, никого освен Аллах да не обожуваме, ништо да не Му здружуваме, и едни со други, покрај Аллах, за божества да не се сметаме!' Па ако не се согласат, вие кажете: ,Бидете сведоци дека ние сме муслимани!'“ (Али Имран, 64)

А доказ за сведоштвото дека Мухамед е Аллахов пратеник се Неговите зборови:

﴿لَقَدۡ جَآءَكُمۡ رَسُولٞ مِّنۡ أَنفُسِكُمۡ عَزِيزٌ عَلَيۡهِ مَا عَنِتُّمۡ حَرِيصٌ عَلَيۡكُم بِٱلۡمُؤۡمِنِينَ رَءُوفٞ رَّحِيمٞ ١٢٨﴾

„Ви дојде Пратеник, еден од вас, тешко му е што на маки ќе паднете, едвај чека по Вистинскиот пат да тргнете, а кон верниците е благ и милостив!“ (Ет Теуба, 128)

Значењето на сведоштвото „Мухамед е Аллахов пратеник“ е: да му се покоруваме во сѐ она што ни наредува, да го потврдиме како

вистина тоа што ни го соопштува, да се оддалечуваме од сѐ она што ни го забранува и од кое не одвраќа, и да не се обожува Аллах освен онака како што го пропишал.

Доказ за намазот, зекатот и толкувањето на тевхидот се Аллаховите зборови:

﴿وَمَآ أُمِرُوٓاْ إِلَّا لِيَعۡبُدُواْ ٱللَّهَ مُخۡلِصِينَ لَهُ ٱلدِّينَ حُنَفَآءَ وَيُقِيمُواْ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤۡتُواْ ٱلزَّكَوٰةَۚ وَذَٰلِكَ دِينُ ٱلۡقَيِّمَةِ٥﴾

„А наредено им е само Аллах да Го обожуваат, искрено, како правоверни, верата да Му ја исповедаат, и намазот (молитвата) да го извршуваат, и зекат да даваат; – па тоа е исправната вера!“ (Ел Бејјине, 5)

Доказ за постот се Аллаховите зборови:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ كُتِبَ عَلَيۡكُمُ ٱلصِّيَامُ كَمَا كُتِبَ عَلَى ٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِكُمۡ لَعَلَّكُمۡ تَتَّقُونَ١٨٣﴾

„О, верници! Ви се пропишува пост, како што им е пропишан и на тие пред вас, за да бидете богобојазливи.“ (Ел Бекаре, 183)

Доказ за аџилакот се Аллаховите зборови:

﴿وَلِلَّهِ عَلَى ٱلنَّاسِ حِجُّ ٱلۡبَيۡتِ مَنِ ٱسۡتَطَاعَ إِلَيۡهِ سَبِيلٗاۚ وَمَن كَفَرَ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَنِيٌّ عَنِ ٱلۡعَٰلَمِينَ٩٧﴾

„Аџилакот должен е да го заврши, поради Аллах, секој што е во можност да дојде до него. А тој што не верува – па, Аллах е навистина

независен од световите.“ (Али Имран, 97)

Вториот степен: Иманот; тој има повеќе од седумдесет гранки. Највисоката од нив е изјавата: „Ла илахе иллаллах – Нема друг вистински бог освен Аллах“, а најниската е отстранувањето на пречка од патот. Срамежливоста е исто така гранка од верувањето.

Иманот има шест столбови: Да веруваш во Аллах, во Неговите мелеци, во Неговите книги, во Неговите пратеници, во Судниот ден и да веруваш во Аллаховата одредба, било да ја сметаме за добра или лоша.

Доказ за овие шесте столбови се Аллаховите зборови:

﴿لَّيۡسَ ٱلۡبِرَّ أَن تُوَلُّواْ وُجُوهَكُمۡ قِبَلَ ٱلۡمَشۡرِقِ وَٱلۡمَغۡرِبِ وَلَٰكِنَّ ٱلۡبِرَّ مَنۡ ءَامَنَ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِ وَٱلۡمَلَٰٓئِكَةِ وَٱلۡكِتَٰبِ وَٱلنَّبِيِّـۧنَ...﴾

„Добродетелството не е во тоа да ги вртите вашите лица кон исток и запад, туку добродетели се тие кои веруваат во Аллах, во оној свет, во мелеците, во книгите, во веровесниците...“ (Ел Бекаре, 177)

Доказ за Аллаховата одредба се Неговите зборови:

﴿إِنَّا كُلَّ شَيۡءٍ خَلَقۡنَٰهُ بِقَدَرٖ ٤٩﴾

„Ние навистина сè со мерка создаваме.“ (Ел Камер, 49)

Третиот степен: Ихсанот - тој е еден рукн - и тоа е да го обожуваш Аллах како да Го гледаш, зашто ако ти не Го гледаш, Тој те гледа.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿إِنَّ ٱللَّهَ مَعَ ٱلَّذِينَ ٱتَّقَواْ وَّٱلَّذِينَ هُم مُّحۡسِنُونَ﴾

„Аллах е навистина на страната на тие што се плашат од Аллах и што се воздржуваат од гревовите и што прават добри дела.“ (Ен Нахл, 128)

И Аллаховите зборови:

﴿وَتَوَكَّلۡ عَلَى ٱلۡعَزِيزِ ٱلرَّحِيمِ ٱلَّذِي يَرَىٰكَ حِينَ تَقُومُ وَتَقَلُّبَكَ فِي ٱلسَّٰجِدِينَ﴾

„И потпри се на Силниот и Милостивиот,
Кој те гледа кога стануваш
и твоето наведнување меѓу тие кои чинат сеџда.“ (Еш Шуара, 217-219)

И Аллаховите зборови:

﴿وَمَا تَكُونُ فِي شَأۡنٍ وَمَا تَتۡلُواْ مِنۡهُ مِن قُرۡءَانٍ وَلَا تَعۡمَلُونَ مِنۡ عَمَلٍ إِلَّا كُنَّا عَلَيۡكُمۡ شُهُودًا إِذۡ تُفِيضُونَ فِيهِ...﴾

„И што и да правиш, и што и да кажуваш од Куранот, и каква било работа да правите, Ние над вас ќе бдееме, сè додека со тоа се занимавате...“ (Јунус, 61) Ајет.

Доказот од Сунетот е познатиот хадис на Џибрил. Од Омер, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува рекол:

"بَيْنَمَا نَحْنُ عِنْدَ رَسُولِ اللَّهِ ﷺ ذَاتَ يَوْمٍ، إِذْ طَلَعَ عَلَيْنَا رَجُلٌ، شَدِيدُ بَيَاضِ الثِّيَابِ، شَدِيدُ سَوَادِ الشَّعَرِ، لَا يُرَى عَلَيْهِ أَثَرُ السَّفَرِ، وَلَا يَعْرِفُهُ مِنَّا أَحَدٌ، حَتَّى جَلَسَ إِلَى النَّبِيِّ ﷺ فَأَسْنَدَ رُكْبَتَيْهِ إِلَى رُكْبَتَيْهِ، وَوَضَعَ كَفَّيْهِ عَلَى فَخِذَيْهِ، وَقَالَ: يَا مُحَمَّدُ !

„Еден ден додека бевме кај Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се појави човек во изразито бела облека и со изразито црна коса, кај него не се забележуваше трага од патување, а никој од нас не го познаваше, тогаш седна кај Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и ги потпре колената до колената на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рацете ги спушти врз своите натколеници и рече: ,О, Мухамед,

أَخْبِرْنِي عَنِ الإِسْلَامِ؟

Извести ме за исламот?'

فَقَالَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ: الإِسْلَامُ: أَنْ تَشْهَدَ أَلَّا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَتُقِيمَ الصَّلَاةَ، وَتُؤْتِيَ الزَّكَاةَ، وَتَصُومَ رَمَضَانَ، وَتَحُجَّ البَيْتَ إِنِ اسْتَطَعْتَ إِلَيْهِ سَبِيلًا، قَالَ: صَدَقْتَ - فَعَجِبْنَا لَهُ، يَسْأَلُهُ وَيُصَدِّقُهُ -.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: ,Ислам е да сведочиш дека нема друг бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник, да клањаш намаз, да даваш зекат, да постиш во рамазан и да одиш на аџилак ако си во можност.' Овој му рече:

‚Вистината ја кажа.' Омер вели: Ние се зачудивме, прво го прашува а потоа потврдува. Потоа пак го праша:

قَالَ: فَأَخْبِرْنِي عَنِ الْإِيمَانِ؟

„Извести ме за иманот.“

قَالَ: أَنْ تُؤْمِنَ بِاللَّهِ، وَمَلَائِكَتِهِ، وَكُتُبِهِ، وَرُسُلِهِ، وَالْيَوْمِ الْآخِرِ، وَتُؤْمِنَ بِالْقَدَرِ خَيْرِهِ وَشَرِّهِ، قَالَ: صَدَقْتَ.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: ‚Да веруваш во Аллах, во Неговите мелеци, во Неговите книги, во Неговите пратеници, во Судниот Ден и да веруваш во Одредбата било да е добра или лоша.' Човекот пак рече: ‚Вистината ја кажа', и додаде:

قَالَ: فَأَخْبِرْنِي عَنِ الْإِحْسَانِ؟

„Извести ме за ихсанот.“

قَالَ: أَنْ تَعْبُدَ اللَّهَ كَأَنَّكَ تَرَاهُ، فَإِنْ لَمْ تَكُنْ تَرَاهُ فَإِنَّهُ يَرَاكَ.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му рече: ‚Тоа е да го обожуваш Аллах како да Го гледаш пред себе, бидејќи иако ти не Го гледаш, Тој те гледа.'

قَالَ: فَأَخْبِرْنِي عَنِ السَّاعَةِ؟

Човекот пак праша: ‚Извести ме за крајот на светот.'

قَالَ: مَا المَسْؤُولُ عَنْهَا بِأَعْلَمَ مِنَ السَّائِلِ.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: ,Прашаниот не знае ништо повеќе од тој што прашува.'

قَالَ: فَأَخْبِرْنِي عَنْ أَمَارَاتِهَا؟

Човекот праша: ,Кажи ми ги тогаш предзнаците.'

قَالَ: أَنْ تَلِدَ الأَمَةُ رَبَّتَهَا، وَأَنْ تَرَى الحُفَاةَ العُرَاةَ العَالَةَ رِعَاءَ الشَّاءِ، يَتَطَاوَلُونَ فِي البُنْيَانِ.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: ,Робинката да го роди својот господар, и да видиш голи, боси и сиромашни чобани како се натпреваруваат во изградба на високи зданија.'

قَالَ: ثُمَّ انْطَلَقَ فَلَبِثْتُ مَلِيًّا، ثُمَّ قَالَ لِي: يَا عُمَرُ! أَتَدْرِي مَنِ السَّائِلُ؟ قُلْتُ: اللَّهُ وَرَسُولُهُ أَعْلَمُ، قَالَ: فَإِنَّهُ جِبْرِيلُ، أَتَاكُمْ يُعَلِّمُكُمْ دِينَكُمْ".

Омер рече: Потоа човекот отиде, а јас останав, и Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ме праша: ,Омер, дали знаеш кој беше човекот?, Јас реков: ,Аллах и Неговиот пратеник најдобро го знаат тоа.' Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ,Тоа беше Џибрил, дошол да ве поучи за вашата вера.'"

## [Третата основа]

Запознавање со вашиот Пратеник, Мухамед ﷺ: Тој е Мухамед бин Абдулах бин Абдулмуталиб бин Хашим, а Хашим е од племето Курејш, а Курејшиите се Арапи. Арапите се потомци на Исмаил, синот на Ибрахим ел-Халил – Божјиот мир и благослов нека се врз него и врз нашиот Пратеник.

Неговиот живот траеше шеесет и три години; од нив, четириесет години беа пред неговото пратеништво, а дваесет и три години беше Веровесник и Пратеник.

Веровесништвото му се објави со објавата на зборовите „Читај“ додека пратеништвото со објавата на „Ел Мудессир“, а неговото родно место е Мека.

Аллах го испрати со предупредување против ширкот и со повик кон тевхидот, доказ за тоа се зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلۡمُدَّثِّرُ ۝١ قُمۡ فَأَنذِرۡ ۝٢ وَرَبَّكَ فَكَبِّرۡ ۝٣ وَثِيَابَكَ فَطَهِّرۡ ۝٤ وَٱلرُّجۡزَ فَٱهۡجُرۡ ۝٥ وَلَا تَمۡنُن تَسۡتَكۡثِرُ ۝٦ وَلِرَبِّكَ فَٱصۡبِرۡ ۝٧﴾

„О, ти покриен!
Стани и опоменувај!
И Господарот свој величај Го!
И облеката своја исчисти ја!
И стој настрана од идолите!
И не прави добрина барајќи повеќе за неа!
И поради Господарот свој стрпи се!“ (Ел

Мудесир, 1-7)

Значењето на зборовите:

﴿قُمۡ فَأَنذِرۡ﴾

„Стани и опоменувај“ - Предупредувај од ширкот и повикувај кон тевхидот.

﴿وَرَبَّكَ فَكَبِّرۡ﴾

„И Господарот свој величај Го“
- величај Го со тевхидот.

﴿وَثِيَابَكَ فَطَهِّرۡ﴾

„И облеката своја исчисти ја“
- делата свои исчисти ги од ширкот.

﴿وَٱلرُّجۡزَ فَٱهۡجُرۡ﴾

„И стој настрана од идолите!“
- Идолите: киповите. А нивното напуштање: нивно оставање и одрекнување од нив и од идолопоклониците.

Десет години Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, повикуваше кон тевхидот; а по тие десет беше воздигнат на небесата, и му беа пропишани петте дневни намази; па во Мека три години ги извршуваше намазите, а потоа му беше наредено да направи хиџрет и да се пресели во Медина.

Хиџрет: Преселување од земја на многубоштвото во земја на исламот.

Хиџретот е верска обврска за овој умет:

преселување од земја на многубоштвото во земја на исламот; и таа обврска останува сè до настапувањето на Судниот час.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿إِنَّ ٱلَّذِينَ تَوَفَّىٰهُمُ ٱلۡمَلَٰٓئِكَةُ ظَالِمِيٓ أَنفُسِهِمۡ قَالُواْ فِيمَ كُنتُمۡۖ قَالُواْ كُنَّا مُسۡتَضۡعَفِينَ فِي ٱلۡأَرۡضِۚ قَالُوٓاْ أَلَمۡ تَكُنۡ أَرۡضُ ٱللَّهِ وَٰسِعَةٗ فَتُهَاجِرُواْ فِيهَاۚ فَأُوْلَٰٓئِكَ مَأۡوَىٰهُمۡ جَهَنَّمُۖ وَسَآءَتۡ مَصِيرًا ٩٧ إِلَّا ٱلۡمُسۡتَضۡعَفِينَ مِنَ ٱلرِّجَالِ وَٱلنِّسَآءِ وَٱلۡوِلۡدَٰنِ لَا يَسۡتَطِيعُونَ حِيلَةٗ وَلَا يَهۡتَدُونَ سَبِيلٗا ٩٨﴾

„Кога мелеците ќе им ги земаат душите на грешниците, ќе прашаат: ,Што се случило со вас?' ,Бевме немоќни на Земјата!' – ќе одговорат. ,Зарем Аллаховата Земја не е пространа и зарем не можевте некаде да се иселите?' – ќе им кажат тие. Затоа нивното престојувалиште ќе биде Џехенемот, а тој е ужасно живеалиште!

Освен за немоќните мажи, жени и деца, кои не можат да се снајдат и не можат да пронајдат излез.“ (Ен Ниса, 97-98)

И Аллаховите зборови:

﴿يَٰعِبَادِيَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓاْ إِنَّ أَرۡضِي وَٰسِعَةٞ فَإِيَّٰيَ فَٱعۡبُدُونِ ٥٦﴾

„О, робови Мои кои верувате, Мојата Земја е пространа, затоа само Мене обожувајте Ме!“ (Ел Анкебут, 56)

Ел-Бегави, Аллах да му се смилува, рекол: „Причината за објавата на овој ајет: за муслиманите кои беа во Мека и не ја извршија

хиџрата/преселбата; Аллах ги ослови со името ‚верници‘.“

Доказ за хиџретот од Сунетот се зборовите на Пратеникот ﷺ:

"لَا تَنْقَطِعُ الهِجْرَةُ حَتَّى تَنْقَطِعَ التَّوْبَةُ، وَلَا تَنْقَطِعُ التَّوْبَةُ حَتَّى تَطْلُعَ الشَّمْسُ مِنْ مَغْرِبِهَا".

„Хиџретот не престанува сѐ додека не престане покајанието, а покајанието не престанува додека Сонцето не изгрее од западот.“

Откако Аллаховиот пратеник постојано се смести во Медина; му беа пропишани преостанатите исламски прописи – како што се: зекатот, постот, аџилакот, езанот, џихадот и наредувањето на доброто и забранувањето на злото – па на тоа истраја десет години.

Тој почина, а неговата вера остана. Ова е неговата вера: не остави ниту едно добро, а да не го посочи, ниту пак изостави некое зло, а да не предупреди на него.

Доброто кон кое посочи е тевхидот и сето она што Аллах го сака и со кое е задоволен.

А злото на кое предупреди е ширкот и сѐ што Аллах го мрази и не го прифаќа.

Возвишениот Аллах го испрати до целото човештво и им ја нареди послушноста кон него на сите луѓе и џини. А доказ за тоа се зборовите на Возвишениот:

﴿قُلۡ يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنِّي رَسُولُ ٱللَّهِ إِلَيۡكُمۡ جَمِيعًا...﴾

„Кажи: ‚О, луѓе, јас сум ви на сите вас Аллахов Пратеник...'" (Ел Араф, 158)

И Аллах преку него ја усоврши верата; Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿...ٱلۡيَوۡمَ أَكۡمَلۡتُ لَكُمۡ دِينَكُمۡ وَأَتۡمَمۡتُ عَلَيۡكُمۡ نِعۡمَتِي وَرَضِيتُ لَكُمُ ٱلۡإِسۡلَٰمَ دِينٗاۚ...﴾

„Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера." (Ел Маиде, 3)

Доказ за неговата смрт се Аллаховите зборови:

﴿إِنَّكَ مَيِّتٞ وَإِنَّهُم مَّيِّتُونَ ٣٠ ثُمَّ إِنَّكُمۡ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ عِندَ رَبِّكُمۡ تَخۡتَصِمُونَ ٣١﴾

„Ти, навистина, ќе умреш, а и тие, исто така ќе умрат.

И потоа, на Судниот ден, пред Господарот свој еден со друг ќе се препирате." (Ез Зумер, 30-31)

Луѓето, кога ќе умрат, ќе бидат оживеани; а доказ е ајетот во којшто Возвишениот Аллах вели:

﴿مِنۡهَا خَلَقۡنَٰكُمۡ وَفِيهَا نُعِيدُكُمۡ وَمِنۡهَا نُخۡرِجُكُمۡ تَارَةً أُخۡرَىٰ ٥٥﴾

„Од земјата ве создаваме и во неа ве враќаме

и од неа по вторпат ќе ве изведеме.“ (Таха, 55) И Аллаховите зборови:

﴿وَٱللَّهُ أَنۢبَتَكُم مِّنَ ٱلۡأَرۡضِ نَبَاتٗا ١٧ ثُمَّ يُعِيدُكُمۡ فِيهَا وَيُخۡرِجُكُمۡ إِخۡرَاجٗا ١٨﴾

„Аллах како и растенијата од земја ве создава,

потоа во неа ве враќа и од неа сигурно ќе ве изведе.“ (Нух, 17-18)

По оживувањето ќе полагаат сметка и ќе бидат наградени или казнети според своите дела; а доказ за тоа се Неговите зборови:

﴿...لِيَجۡزِيَ ٱلَّذِينَ أَسَٰٓـُٔواْ بِمَا عَمِلُواْ وَيَجۡزِيَ ٱلَّذِينَ أَحۡسَنُواْ بِٱلۡحُسۡنَى﴾

„...за, според тоа што го правеле, да ги казни тие што прават зло, а со најубава награда да ги награди тие што прават добро.“ (Ен Неџм, 31)

Кој го негира оживувањето по смртта станува неверник. Доказ се зборовите на Возвишениот:

﴿زَعَمَ ٱلَّذِينَ كَفَرُوٓاْ أَن لَّن يُبۡعَثُواْۚ قُلۡ بَلَىٰ وَرَبِّي لَتُبۡعَثُنَّ ثُمَّ لَتُنَبَّؤُنَّ بِمَا عَمِلۡتُمۡۚ وَذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرٞ ٧﴾

„Неверниците тврдат дека нема да бидат оживеани. Кажи: „Ќе бидете, се колнам во мојот Господар, сигурно ќе бидете оживеани, па за тоа што го правевте навистина ќе бидете известени!“ – а тоа за Аллах е лесно.“ (Ет Тагабун, 7)

Аллах ги испратил сите пратеници кои радосни вести и опомени донесуваа. Доказ се зборовите на Возвишениот:

﴿رُّسُلًا مُّبَشِّرِينَ وَمُنذِرِينَ لِئَلَّا يَكُونَ لِلنَّاسِ عَلَى ٱللَّهِ حُجَّةُۢ بَعۡدَ ٱلرُّسُلِۚ...﴾

„Пративме Пратеници кои радосни вести и опомени донесуваа, за луѓето, после Пратеникот, никакво оправдување пред Аллах да немаат...“ (Ен Ниса, 165)

Првиот од нив е Нух, алејхи селам,

додека последниот од нив е Мухамед ﷺ, и тој е печатот на веровесниците; нема веровесник после него. Доказ за тоа се зборовите на Возвишениот:

﴿مَّا كَانَ مُحَمَّدٌ أَبَآ أَحَدٍ مِّن رِّجَالِكُمۡ وَلَٰكِن رَّسُولَ ٱللَّهِ وَخَاتَمَ ٱلنَّبِيِّـۧنَ...﴾

„Мухамед не е татко никому од вашите луѓе, туку е Аллахов Пратеник и последен веровесник...“ (Ел Ахзаб, 40)

Доказ за тоа дека првиот од нив е Нух се Аллаховите зборови:

﴿إِنَّآ أَوۡحَيۡنَآ إِلَيۡكَ كَمَآ أَوۡحَيۡنَآ إِلَىٰ نُوحٖ وَٱلنَّبِيِّـۧنَ مِنۢ بَعۡدِهِۦ...﴾

„Ние ти објавуваме тебе како што му објавувавме на Нух и на веровесниците по него...“ (Ен Ниса, 163)

И на секој народ Аллах му испратил Пратеник – од Нух до Мухамед – кој им заповеда да Го обожуваат Аллах Единствениот, а им забранува

обожување на тагутот. Доказ за ова се зборовите на Возвишениот

﴿وَلَقَدۡ بَعَثۡنَا فِي كُلِّ أُمَّةٖ رَّسُولًا أَنِ ٱعۡبُدُواْ ٱللَّهَ وَٱجۡتَنِبُواْ ٱلطَّٰغُوتَ...﴾

„Ние на секој народ Пратеник му испративме: ‚Само Аллах обожувајте Го, а тргнете се од тагутот...‘“ (Ен Нахл, 36)

Возвишениот Аллах им нареди на сите робови: искажување на неверување во тагут и верување во Аллах.

Имамот Ибн Кајим, Аллах нека му се смилува, рекол: „Значењето на зборот ‚тагут‘ е: сѐ преку што робот ја пречекорува границата – било преку обожување, следење или покорување.“

Тагутите се многубројни, а главните се пет: Иблис – Божјото проклетство нека е врз него; оној кој е обожуван и е задоволен со тоа; оној кој ги повикува луѓето да го обожуваат него; оној кој тврди дека поседува нешто од знаењето за невидливото (гајбот); и оној кој суди спротивно на она што го објавил Возвишениот Аллах.

Доказ за ова се Аллаховите зборови:

﴿لَآ إِكۡرَاهَ فِي ٱلدِّينِۖ قَد تَّبَيَّنَ ٱلرُّشۡدُ مِنَ ٱلۡغَيِّۚ فَمَن يَكۡفُرۡ بِٱلطَّٰغُوتِ وَيُؤۡمِنۢ بِٱللَّهِ فَقَدِ ٱسۡتَمۡسَكَ بِٱلۡعُرۡوَةِ ٱلۡوُثۡقَىٰ لَا ٱنفِصَامَ لَهَاۗ وَٱللَّهُ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ٢٥٦﴾

„Нема присилба кон верата, Вистинскиот пат јасно се разликува од заблудата! Тој што не верува во тагутот, а верува во Аллах, се држи за најцврстата врска, којашто нема да се прекине!

А Аллах сѐ слуша и сѐ знае.“ (Ел Бекаре, 256) И ова е значењето на „Ла илахе иллаллах“. И хадисот:

"رَأْسُ الأَمْرِ: الإِسْلَامُ، وَعَمُودُهُ: الصَّلَاةُ، وَذِرْوَةُ سَنَامِهِ: الجِهَادُ فِي سَبِيلِ اللَّهِ".

„Главата на оваа работа е исламот, столбот е намазот, а кулминацијата е борбата на Аллаховиот пат.

А Аллах најдобро знае.

❋❋❋

# Содржина

[Првата основа]....................................................................6
[Втората основа] ................................................................ 12
[Третата основа].................................................................. 20

❊❊❊

رئاسة الشؤون الدينية
بالمسجد الحرام والمسجد النبوي

# رسالة الحرمين

# Message of The Two Holy Mosques

Guidance content for the visitors of the Holy Mosque and the Prophet's Mosque in languages.

978-603-8591-25-3